# Посилна граѓанска поддршка за ефикасна апликација на политиките од областа на енергетиката во процесот на пристапување кон ЕУ




КОНТАКТ:

www.ceprosard.org.mk
info@ceprosard.org.mk
Т./Ф.+389 2 3061 391
Адреса: 1550, бр. 8а, 1000 Скопје

Изработката на оваа брошура е поддржана од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (Sida) преку проектот „Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија“ имплементиран од канцеларијата на Обединетите Нации за проектни услуги (UNOPS). Содржината на брошурата е единствена одговорност на ЦеПроСАРД и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Sida, Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија и UNOPS. Репродукцијата е дозволена за некомерцијални цели под услов да се наведе изворот.

Проект имплементиран од ЦеПроСАРД

CeProSARD



NORDIC SUPPORT FOR PROGRESS OF NORTH MACEDONIA

СЕКРЕТАРИЈАТ SEKRETARIATI

ROYAL NORWEGIAN EMBASSY

Шведска Sverige

UNOPS

# ЦЕЛИ

02

**Генералната цел** на проектот е да се зајакне активното учество и ангажманот на граѓанскиот сектор во спроведување активности што се од јавен интерес, а кои ќе придонесат во процесот на пристапување на земјата во ЕУ.

**Специфичната цел** е да се зајакне капацитетот и позицијата на граѓанските организации за соработка со сите релевантните чинители поврзани со спроведувањето на енергетските политики во земјата.

Овој проект предлага активности кои се однесуваат на потребите и ограничувањата на целните групи и крајните корисници: ги поврзува релевантните чинители од областа со цел ефикасна соработка, при што граѓанските организации (ГО) ќе имаат капацитет и алатки да бидат компетентен партнер кој позитивно ќе придонесува во дијалогот со институциите.

Проектот предвидува активности за градење партнерство, за градење капацитети на ГО и застапување; овозможува јакнење на капацитетите на ГО за имплементација на нивните суштински тематски активности и придонесува за зајакнување на стандардите на владеење, вклучително и за транспарентна имплементација на политиките и на процеситеза донесување одлуки.

Поточно, со програмата за обука, ќе се подобрат вештините за комуникација и лобирање на ГО за определени експертски области поврзани со енергетските политики. Заедничките активности ќе ги подобрат практиките на спроведување консултации и споделување информации. Истовремено, со покренување на иницијатива, ГО ќе имаат можност да го практикуваат стекнатото знаење и вештини преку заедничко делување.

03



04

## ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

Целна група се македонските ГО кои работат во обласа на животната средина со специфичен фокус на енергетскиот сектор.

Крајни корисници се македонските ГО кои работат во обласа на животната средина и институциите одговорни за спроведување на политиките од обласа на енергетиката (енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија)

Клучните чинители во проектот се сите оние кои посветено учествуваат во тековните процеси за подобрување на демократскиот дијалог во земјата, преку воспоставен систем за соработка и заедничко делување. ГО и јавните институции се клучните актери во имплементацијата на проектните активности согласно нивните улоги. Овозможувањето активно учество на клучните чинители и нивната соработка, се неопходни за:

1. Развивање ефикасен и функционален дијалог помеѓу ГО и институциите, со што се промовира демократијата и се поттикнува активно граѓанство;

2. Овозможување поефикасна интеграција на ГО во креирањето на политиките;

3. Зајакнување на врската помеѓу ГО и институциите. Имајќи ја предвид централната улога на институциите во креирањето политики, тие претставуваат значајна целна група во проектот.

05

# АКТИВНОСТИ

Имплементацијата на проектот е организирана во три групи на активности

**AC1. Организирање обука за зајакнување на капацитетите на ГО за мониторинг, застапување и учество во процесите поврзани со имплементацијата на клучните реформи во енергетскиот сектор**

A1.1 Проценка на ставот и потребите на ГО од областа на животната средина;
A1.2 Организирање обука за ГО за јакнење на нивниот капацитет за соработка при спорведувањето на новата национална регулатива за ЕЕ и ОИЕ;
A1.3 Покренување заедничка иницијатива од ГО за соработка со институциите при спроведување на политиките од областа на енергетиката

Оваа група на активности има за цел да го подобри капацитетот, вештините и позицијата на ГО за релевантните теми со цел ефикасно да соработуваатсо институциите и да го изразуваат својот став.Тие ќе можат да дискутираат и да одлучуваат во врска со покренување иницијатива за приоритетни идни активности, а во истовреме ќе претставуваат значаен партнер компетентен и силен граѓански сектор. Нивното јакнење директно ќе придоенесе за постигнување на проектните цели  тие ќе бидат релевантен соработник и коректор кој е способен да го изрази ставот и да даде вистински придонес.

АС 2.Изготвување препораки за имплементација на политиките од областа на енергетиката со фокус на ЕЕ и ОИЕ

А2.1 Организација на тркалезна маса со јавните институции;
А2.2 Анализа на моменталната состојба поврзана со имплементацијата на политиките;
А2.3 Подготовка на препораки за имплементација на политиките.

Втората група на активности ќе обезбеди експертска аналаиза на политиките поврзани со ЕЕ и ОИЕ, како основа за подготовка на најрелевантни препораки за понатамошна имплементација на политиките.Организирањето на тркалезна маса со институциите ќе претставува можност за ГО реално да ги практикуваат вештините и знаењето стекнати со обуката, а во исто време ќе имаат можност реално да придонесат во имплементацијата на политиките.



АС 3.Организација на промотивна кампања за подигање на јавната свест

А3.1 подготовка на промотивни материјали;
А3.2 Кампања на социјалните медиуми со цел поттикнување на учеството на ГО и другите засегнат страни;
А3.3 Организација на завршна промотивна конференција

Третата група на активност ќе овозможи да се допре до што е можно поширока целна група и да се поттикне учеството на клучните чинители во проектните активности. Но исто така, а што е уште позначајно, ќе овозможи надградба на стекнатото знаење и на веќе практикуваното во рамки на проектот, продолжување и надградба на резултатите, кои, согласно проектните цели се од поширок јавен интерес во поддршката на земјата, во процесот на пристапување кон ЕУ.









# ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

1. Македонските ГО кои работат во областа на животната средина имаат зајакнати капацитети за следење, застапување и учество во процесите поврзани со имплементацијата на клучните реформи во енергетскиот сектор;
2. Подготвени препораки за имплементацијата на политиките од областа на енергетиката со фокус на ЕЕ и ОИЕ;
3. Зајакната свест и соработка помеѓу клучните чинители.

Во поглед на целната група и крајните корисници, клучните чинители вклучени во проектот се сите оние кои се посветени во тековните процеси за подобрувањ на демократскиот дијалог во земјата преку воспоставени системи за соработка и заедничко делување; ГО и институциите се главни засегнати страни во проектот согласно нивните улоги. Овозможувањето активно учество на овие чинители и нивната взаемна соработка се неопходни за:

1. Развивање ефикасен и функционален дијалог помеѓу ГО и институциите, за промовирање на демократијата и поттикнување на активно граѓанство;
2. Овозможување поефикасна интеграција на ГО во креирањето на политиките;
3. Зајакнување на врската помеѓу ГО и институциите.

Имајќи ја предвид централната улога на институциите во креирањето политики, тие претставуваат значајна целна група во проектот.





Времетраење на проектот: 23 Декември 2019 - 22 Септември 2020

## ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ИМПЛЕМЕНТАТОР НА ПРОЕКТОТ

ЦеПроСАРД е граѓанска организација воспоставена во 2008 година, чиј фокус на делување е во областа на заштитата на животната средина и одрживиот развој. Нашиот тим на професионалци од областа на животната средина, земјоделството, техничките науки и економијата го има потребното знаење и искуство да се носи со најкомплексни и сериозни задачи од овие области. Изминатите дванаесет години интензивноработевме на развој и имплементација на проекти на локално, национално и меѓународно ниво во соработка со клучните чинители во земјата и странство.



